РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
AGJENCIA E ZBULIMIT
02-1822/2
Скопје/Shkup
14.12.2022 год

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Врз основа на одредбите од Законот за спречување на судир на интереси (Службен весник на РМ бр.12/2019) и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025, на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со заклучокот од 55-та седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 28.06.2022 година) и Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација), во однос на Препорака II, Агенцијата за разузнавање донесе Годишен план за проценка на ризици од корупција во Агенцијата за разузнавање за 2022 година

Агенцијата за разузнавање (во понатамошниот текст: Агенцијата) е посебен орган на државна управа, надлежна да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации од значење за безбедноста, одбраната, надворешнополитичките и економските интереси на Република Северна Македонија.

Агенцијата како дел од безбедносно-разузнавачката заедница на Република Северна Македонија, партиципира во системот на колективната безбедност на Северноатлантската алијанса и активно учествува во телата на НАТО задолжени за цивилно разузнавање.

Надлежностите на Агенцијата се остваруваат со почитување на Уставот на Република Северна Македонија, Законот за Агенцијата за разузнавање, Законот за класифицирани информации, Законот за спречување на судир на интереси, Законот за слободен пристап до информации и друга правна регулатива. Во таа насока, една од обврските на Агенцијата е заштита на класифицираните информации, а информациите кои се од јавен карактер транспарентно ги има објавено на официјалната веб-страница на Агенцијата.

Контрола и надзор на работата на Агенцијата, согласно со законските регулативи, врши собраниската Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање. Имено, во согласност со Законот за Агенцијата за разузнавање, директорот на Агенцијата е должен на Комисијата (согласно со нејзините надлежности), да овозможи увид во работењето на Агенцијата и да дава известувања и податоци за работењето на Агенцијата за прашања коишто се однесуваат на:

- почитување на правата и слободите на граѓаните утврдени со Уставот и законите;
- законитоста во спроведувањето на овластувањата на Агенцијата од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреби и други неправилности во работењето, спротивни на правата утврдени со закон;
- методите и средства коишто ги користи Агенцијата од аспект на законитост и почитување на правата на граѓаните;
- материјална, кадровска и техничка опременост на Агенцијата;
- воспоставување меѓународна соработка за прашања што се однесуваат на ваквиот надзор;
- други прашања, што се однесуваат на работењето на Агенцијата.

Агенцијата континуирано, преку конкретни мерки, ги реализира заложбите за успешно справување со корупцијата, која согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија е дефинирана како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или друг". Во Агенцијата, покрај подобрувањето на правата на вработените, се воведуваат и повисоки стандарди во професионалното работење, коишто се во корелација со јакнење на нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасно справување со корупцијата и последиците, коишто го дерогираат општествениот систем и основните општествени вредности, ја загрозуваат демократијата и владеењето на правото, преку злоупотребата на институционалните капацитети во полза на нелегални цели.

Во Агенцијата, во согласност со Законот, се врши внатрешна контрола која опфаќа:

- оценување на законитоста на работењето и почитување на професионалните стандарди;
- увид во примената на овластувањата;
- оцена за користење и употреба на огнено оружје;
- увид и оцена на почитување на прописите и процедурите за работа;
- постапување по пријави за судир на интереси и ризици од корупција во соработка со надлежен орган;
- информирање на директорот за утврдени неправилности и давање препораки за нивно надминување;
- контрола на управување со материјално-техничките средства и
- давање иницијатива за утврдување на материјална и дисциплинска одговорност.

Во процесот на контрола, а во насока на подобрување на работата, со цел почитување на законската регулатива и процедурите за работа на Агенцијата согласно Годишниот план за ревизија, постапува и Одделението за внатрешна ревизија.

Агенцијата, раководејќи се од начелата утврдени со Законот за Агенцијата за разузнавање, Законот за спречување на корупција и судир на интереси, Законот за заштита на укажувачи, и врз основа на претходна

анализа на ризичните области за можност за корупција и судир на интереси, насочена е кон почитување на принципите на законитост, интегритет, еднаквост, заштита и одговорност. Во тој контекст, еден од приоритетите на Агенцијата е одлучно и неселективно справување со корупцијата и јакнење на интегритетот и независноста на Агенцијата, во насока на владеење на правото и доброто управување. Согласно со Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно (и надворешно) пријавување во институциите од јавниот сектор, Агенцијата има определено овластено лице за прием на пријави од укажувачи, кои можат да се доставaт на е-пошта contact@ia.gov.mk, како и лице одговорно за процена на ризици од корупција во Агенцијата, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола

## 1. АНАЛИЗА НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА ВО РАМКИ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

Успешноста во справувањето со корупцијата и судирот на интереси е еден од приоритетите на Агенцијата. До овластеното лице за прием на пријави од укажувачи не е доставена ниту една пријава (лично, во електронска форма или во физичка форма) која се однесува на заштитено внатрешно и/или надворешно пријавување, за што согласно со обврската (член 15, став 1 од Законот за заштита на укажувачите) до ДКСК се доставува полугодишен извештај.

Врз основа на досегашното искуство, од објавувањето на е-пошта contact@ia.gov.mk (2019, 2020 и 2021 година), периодично беа примени пораки од надворешни индивидуални лица и компании од државата и од странство, со известувања, барања или нудење информации коишто се надвор од областа на укажувањето. Најголемиот дел претставуваа свесна или несвесна злоупотреба на посочената адреса, поради недоволно познавање на поимот и процесот на укажување. За добиените пораки изготвени беа соодветни интерни извештаи.

При ажурирањето на новата веб-страница на Агенцијата, во делот „транспарентност", поставена е видлива нова категорија „укажување" со дополнителни информации (законските и подзаконските акти) коишто се однесуваат на укажувањето. Ова, е направено со цел, подобра информираност и правилно насочување на граѓаните кои за таа цел би сакале да ја контактираат Агенцијата.

Инаку, во согласност со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, именуваните лица во Агенцијата (директорот и заменик-директорот), до ДКСК навремено доставија изјава за имотната состојба и интереси, со обврска дека ќе пријават секаква промена на имотот.

## 2. ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА

Во Агенцијата, како ризични области за појава на корупција се: вработувањето, јавните набавки, овластувањата и издавањето на класифицирани информации, наведени во регистарот на ризици од корупција во Агенцијата за разузнавање, како ризични области, за кои веројатноста за појава на корупција е на ниско ниво, непочитување на интегритетот на институцијата и други појави поврзани со делокругот на работа.

Имено, причини, услови и фактори кои овозможуваат корупција се какови било постапки од делокругот на работата на Агенцијата кои ги вклучуваат прашањата за:

- судир на интереси;
- лобирање;
- измами;
- несоодветно користење на овластувања;
- тргување или недозволено користење на информации;
- непочитување на обврските на вработените при извршување на работните задачи да постапуваат согласно со правилата, прописите и професионалните стандарди коишто се применуваат во Агенцијата;
- непочитување на интерниот Кодекс за однесување и облекување на вработените во Агенцијата;
- злоупотреби на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или друг и слично.

## 3. АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

Планот на Агенцијата, има за цел воспоставување ефикасен систем на мерки коишто ќе овозможат превенирање и успешно справување со корупцијата и судирот на интереси. Во таа смисла, за надминување на предизвиците поврзани со корупцијата, односно превенирање и минимизирање на причините за коруптивно однесување, се планира преземање на следниве алатки и контролни механизми:

- укажување на вработените за правата и обврските предвидени со Законот за Агенцијата за разузнавање, Законот за спречување на корупција и судир на интереси, Законот за класифицирани информации, Законот за слободен пристап до информации, Законот за јавни набавки, Законот за јавна финансиска контрола, Законот за заштита на укажувачи и друга важечка регулатива, во насока на справување со корупцијата и судирот на интереси;
- почитување на интерниот Кодекс на однесување и облекување на вработените во Агенцијата, со цел да се обезбеди:

    - почитување на законитоста, професионалноста и ефикасноста при извршување на работите и работните задачи;
    - укажување на вработените за должноста во процесот на работата да постапуваат совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно;
    - едукација и мотивирање на вработените во текот на работниот процес да препознаат и да се спротивстават на незаконска, неморална или нечесна постапка;

- подигнување на повисоко ниво, на интерперсоналната доверба преку тимска работа, како и интеринституционалната доверба за заеднички активности со други институции;
- ревидирање на капацитети, мерки и механизми кои досега се преземаат за превенирање и справување со корупцијата и судирот на интереси;
- подигнување на повисоко ниво на веќе воспоставените стандарди и воспоставување ефикасен систем на внатрешна контрола; идентификација на области коишто подлежат на ризици од корупција;
- деполитизација при носењето одлуки за функционирањето на Агенцијата и за остварувањето на правата и обврските на вработените;
- санкционирање на евентуална злоупотреба на овластувањата; работење во согласност со прописите за јавните набавки;
- транспарентно објавување на информации кои се со некласифициран карактер (информации од јавен карактер);
- подигање на повисоко ниво на улогата на овластеното лице за прием на пријави од внатрешни/надворешни укажувачи за независно пријавување на коруптивни, неетички и дискриминаторски однесувања, преку воспоставување интерни процедури согласно со законските прописи за справување со корупцијата;
- согласно со Законот за Агенцијата за разузнавање, зголемена транспарентност при вработувањата со јавен оглас (или преземање од друга институција), како и при јавните набавки;
- овозможување непречено функционирање на внатрешната ревизија и целосна примена на финансиско управување и контрола;
- јакнење на улогата на внатрешната контрола, како и на Секторот за човечки ресурси.

## 4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во претстојниот период, Агенцијата континуирано ќе работи на зајакнување на интегритетот на вработените и зголемување на ефикасноста на процедурите околу подобрување на политиката на интегритетот.

Вработените во Агенцијата, се должни да ги почитуваат и да ги спроведуваат законските прописи, подзаконските и интерните акти, совесно, одговорно, стручно и непристрасно. Тоа подразбира, дека имаат обврска да се однесуваат етички, без оглед дали се на должност или не. Имено, само со професионално, законско и етичко постапување, ќе се зајакне интегритетот на вработените, а со тоа и ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција. Воедно, Агенцијата ќе тежнее да обезбеди поддршка на вработените во извршување на професионалните задачи преку раководството, кое ќе промовира јакнење на интегритетот. Важен сегмент ќе биде и спроведувањето на политиките за управување со човечки ресурси, кои ќе

бидат насочени кон подобрување на вештините на вработените и ќе обезбедат квалитетна работна средина. Особено внимание, ќе биде посветено и на очекуваното високо ниво на интегритет на Агенцијата при спроведување на политиките и процедурите за човечки ресурси коишто ќе мотивираат, ќе даваат поддршка и ќе овозможуваат развој и надградба.

## 5. НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ

Со членството на Република Северна Македонија во НАТО, Агенцијата, која делува во исклучително комплексен регион, се здоби со пристап и побрза размена на информации, но и со колективно делување и насочување во однос на заедничките приоритети, предизвици и закани.

Во таа насока, Агенцијата функционира по највисоките стандарди, критериуми и процедури на НАТО, целосно ги почитува процедурите за работа, навремено и експедитивно ги процесира класифицираните (и некласифицираните) материјали до крајните корисници (претседателот на РСМ, претседателот на Владата на РСМ, претседателот на Собранието на РСМ, Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, како и други органи на државната управа во зависност од прашањата што се предмет на известување).

Важен сегмент во работата на Агенцијата, која тежнее да ја зајакне довербата во општеството е да биде препознаен интегритетот, одговорноста, професионализмот, автономноста и објективноста на службата, како стручен, доверлив и одговорен партнер на национално и меѓународно ниво, која одржува континуирана комуникација како со државните органи, особено од безбедносно-разузнавачката заедница на РСМ, така и со странски безбедносни авторитети.

## 6. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

Заложбите на Агенцијата, согласно со надлежностите што произлегуваат од Законот за Агенцијата за разузнавање, се усогласување на одредбите и позитивните пракси за справување и сузбивање на корупцијата во интерните подзаконски акти и процедури. Во таа смисла, во делокругот на работата на Агенцијата се зема предвид позитивната законска регулатива, и тоа:

- Законот за Агенција за разузнавање
- Законот за спречување на корупција и судир на интереси;
- Законот за вработените во јавниот сектор (глава III и IV);
- Законот за јавните набавки;
- Закон за класифицирани информации;
- Законот за слободен пристап до информации;
- Законот за заштита на укажувачи;
- Законот за заштита на личните податоци;
- Законот за јавна финансиска контрола
- Законот за пристап до информации од јавен карактер;

Со цел вработените во Агенцијата да манифестираат висок степен на интегритет и да умеат да ги препознаат сите облици на корупција и коруптивно однесување, активностите на Агенцијата се во насока на:

- континуирано следење на нормативната рамка, иницијативите и проектите, како во национални рамки така и на меѓународно ниво, за спречување на корупцијата и судирот на интереси и нивно имплементирање во Агенцијата;
- вклучување на Агенцијата во иницијативи за борба против корупцијата и нивно прилагодување со надлежностите на Агенцијата;
- редовен брифинг на вработените за обврската во текот на извршувањето на работните задачи да постапуваат согласно со правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во Агенцијата, и дека никој не е исклучок при утврдување одговорност за коруптивно однесување;
- почитување на интерниот Кодекс за однесување и облекување на вработените во Агенцијата за разузнавање.

## 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОН АГЕНЦИЈАТА И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи и одредбите од Правилникот за внатрешно/надворешно пријавување на веб-страницата на Агенцијата, во рубриката транспарентност, креирана е подрубрика укажувачи, каде во функција е е-адресата ukazuvanje@ia.gov.mk, што има за цел јакнење на позицијата на укажувачот кој со добра намера врши заштитено внатрешно или надворешно пријавување за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Агенцијата и на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.
Воедно, во Агенцијата има определено лице за директна комуникација со ДКСК, надлежно и за интегритетот на вработените и институцијата.

## 8. ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Заложбите на Агенцијата при спроведување на јавните набавки и реализација на договорите за јавните набавки, кои се детектирани како најподложни на корупција, се преземање соодветни мерки за детекција, превенција и сузбивање на коруптивни дејствија. Во таа насока, Агенцијата ги презема следните активности:
- почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите нотирани во Законот за јавните набавки;
- контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на договорите;
- едукација на вработените вклучени во постапките за јавни набавки, да ги почитуваат основните начела (еднаков третман на економските оператори и недискриминација, односно забрана за фаворизирање на одредени субјекти, како и транспарентност која обезбедува конкуренција

и интегритет во јавните набавки).

## 9. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Важен сегмент во работата на Агенцијата, која тежнее да ја зајакне довербата во општеството и да биде препознаен интегритетот, одговорноста, професионализмот, автономноста и објективноста на службата како стручен, доверлив и одговорен партнер на национално и меѓународно ниво, е одржување континуирана комуникација како со државните органи, особено од безбедносно-разузнавачката заедница на РСМ, така и со странските безбедносни авторитети. Имајќи предвид, дека меѓуинституционалната и меѓународната соработка и навремената размена на информации, се клучни во справувањето со корупцијата, Агенцијата ќе продолжи да работи на унапредување на воспоставената соработка што ќе придонесе за навремено откривање и санкционирање на корупцијата и судирот на интереси.

Во тој контекст, Агенцијата соработува со другите институции од безбедносно-разузнавачката заедница на РСМ, органите на државната управа, јавните институции и други правни лица, за проблематики од заеднички интерес, како и меѓународна соработка со разузнавачки и безбедносни служби од други држави, со што директно е вклучена во справувањето и сузбивањето на корупцијата.

На тој план, Агенцијата ќе делува кон унапредување на соработката со сите релевантни државни институции и ќе учествува во иницијативите за борба против корупцијата.

## 10. ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата, информациите од делокругот на работата кои се од јавен карактер, транспарентно ги има објавено на веб-станицата кадешто во рубриката „транспарентност",освен подрубриките „надзор и контрола" и „укажувачи", креирани се и подрубрики:

- Ден на АР - во рамки на заложбите за поголема транспарентност, отвореност и непосреден контакт воспоставен е проект „Ден на АР" (студиска посета во Агенцијата на ученици и студенти од сферата на безбедносните студии, кои се запознаваат со делокругот на работата, функционирањето, законските надлежности и улогата на Агенцијата како институција од безбедносно-разузнавачката заедница на државата;
- контакт со медиуми - заради зголемено ниво на информираност на граѓаните за работата и надлежноста на Агенцијата и градење отворен, транспарентен и професионален однос кон медиумите во функција е е-адресата press@ia.gov.mk;
- јавни документи, кадешто се објавува завршната сметка;
- јавните набавки, согласно со Законот за јавните набавки, се објавуваат на ЕСЈН, а Буџетот и ребаланс на Буџетот на Агенцијата, во Службен весник на Република Северна Македонија.

Со Годишниот план за проценка на ризици од корупција се детектираат можните слабости во делокругот на работа на Агенцијата за разузнавање, кои може да продуцираат корупција или обиди за корупција, контролните механизми, одговорни лица и преземање на навремени мерки за превенција и спречување, почитување на законската регулатива, со која се регулираат областите од надлежност на Агенцијата.

**Документот не смее да се копира и дистрибуира**

**Агенција за разузнавање/Agjencia e Zbulimit**
**Директор/Drejtor**
**Erolld Musliu**

**Доставена до:**
- Влада на Република Северна Македонија
- Архива на АР